GEORGIEVSKI MIROSLAV-MIRO

ILUSTRIRANA BIOGRAFIJA

# ALEKSANDAR MAKEDONSKI



EPIZODA

## PODGOTOVKI

UREDNIK
ELIZABETA HAXI - STOJANOVA KOSTURSKA

Додека Александар ги средува работите во Тракија, кралот Филип  е сè поблиску до Атина. Но, во една од борбите тој го губи окото.
Александар дознава за несреќата која многу го нажалила, но воедно е и изненаден од еланот со кој татко му продолжува понатаму




Таткото и синот се договараат да се видат, но не во Филипонт, туку во прекрасниот град Визнат на Хелеспонт




Но, стариот воин не ни помислува на одмор, се додека не го оствари својот животен сон.
Тој ги вади старите карти на Азија и го запознава синот со своите планови




Секој ден таткото и синот од утро до доцна навечер го разгледуваат брегот на Мраморното море. Секој остров, камен, дрво,  буквално секој детал мора да се внесе во воената карта



Кралот Филип е полн со нови идеи за реорганизација на фалангата, за начинот на комуницирање, за за изработка на ново оружје. Со синот Александар конструираат дотогаш невиден катапулт




Од направената макета се роди идејата да се направи град-полигон каде што ќе може да се подготвуваат борбите според зацртаните планови. Бидејќи, војската се подготвуваше за напад на Персија, така и градот-макета го имаше изгледот на Персеполис




Но, вестите што почнаа да пристигнуваат ги загрижија таткото и синот. Војските на Атина и Теба се здружиле со цел заеднички да ја нападнат Македонија




До нив допира и веста дека докажаниот непријател, филозофот Демостен е кај персискиот цар Дариј. Се договарал воен сојуз на Атина и Персија со кој Персија, покрај другото ќе успее да ги пренасочи своите воени сили кои дотогаш ги обезбедувале пристаништата на Егејското море во мала Азија

